# 266. ТВОИТЕ ОЧИ, ЛЕНО МОРИ




Твоите очи Лено мори, воденски череши се,
дај ми ги на мене јаска да ги изеда,
мерак, Лено мори, мерак да ми помини,
севда, севда моја, севда да ми излези.

Твојто лице, Лено мори, леринско симиче е,
дај ми го на мене јаска да го изеда,
мерак, Лено мори........

Твојто усте, Лено мори, костурско кутиче е,
дај ми го на мене јаска да го отвора,
мерак, Лено мори........

Твојта снага, Лено мори, тенка ем висока е,
дај ми ја на мене јас да ја прегрна,
мерак, Лено мори........

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995